**Корисничко упатство**

Работата на управувачот на котел/печка на пелети/дрва се управува преку четирите копчиња М(мени), S(сет), '+' и '-'. Преку овие копчиња корисникот може да менува одредени параметри како и да раководи со палењето и гасењето на котелот/печката. Со подолго притискање на копчето '+' се пали котелот/печката на пелети и на екранот се појавува соодветна порака, потоа со повторно притискање на копчето '+' истата се гаси и излегува соодветната порака на екран. Со подолго притискање на копчето '-' се пали котелот/печката на дрва и на екранот се појавува соодветна порака, потоа со повторно притискање на копчето '-' истата се гаси и излегува соодветната порака на екран.

Корисничкото подесување на управувачот за котел/печка на пелети се подесува со притискање на копчето М(мени) во кое се излистуваат неколку параметри. За менување на вредностите се притиска +/- со што автоматски се менуваат и зачувуваат вредностите . Корисничкото подесување се состои од следните параметри:

- Подеси температура на котел – работна температура на котелот која може да се менува од 5 до 80 степени (5 степени под максималната температура) со притискање на +/-

- Првпат дозирај Сет ON/OFF – односно доколку сакаме да ја полниме рачно печката со пелети задржуваме на копчето S (сет) и полжавите работат додека е задржано копчето

- Подеси дозирање полжав – времетраење на полнење кое може да се менува од 0 до 200 секунди со притискање на +/-

- Подеси воздух вентилатор – интензитет на вртење на вентилаторот изразен во проценти кои може да се менуваат од 20% до 100% со притискање на +/-

- Термостат режим – термостатот има три режими на работа кои се менуваат со притискање +/- и тоа:

1. Исклучен – каде термостатот е исклучен односно неактивен
2. Уклучен ON/OFF – Во овој режим термостатот е активен и доколку е постигната посакуваната температура печката се исклучува односно котелот се гаси. Кога ќе има потреба од повторно вклучување котелот одново се пали.
3. Уклучен Работа/Пауза - во овој режим термостатот е активен и доколку е постигната посакуваната температура котелот не се гаси односно преминува во режим на пауза и кога ќе има потреба преминаува во работен режим без повторно палење на котелот.

Во режим на работа на котел/печка на дрва работи само вентилаторот без двата полжави и грејачот.